**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 281

**Број:** 08-7132/1
12. 06. 2026
**Скопје**

Врз основа на член 11 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а согласно Одлука од Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен бр.09-340/6 од 19.05.2026г., Секретарот на Град Скопје донесе

# ОДЛУКА

**НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** на кандидат за работно место **Советник – Лектор,** Одделение за преведување и лекторирање, Сектор за општи работи, со шифра УПР0101В01000, по јавен оглас бр.685/2025.

## Образложение

На ден 03.07.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ и на интернет страната на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас број 685/2025 за вработување на административни службеници во Град Скопје.

Комисијата за селекција за вработување формирана со решение на Директорот на Агенцијата за администрација ја спроведе постапката за селекција за вработување и изготви Конечна ранг-листа и Предлог кандидати за вработување за јавен оглас бр.685/2025.

На ден 12.02.2026г. е донесена Одлука бр.08-1783/1, со која не е извршен избор на наведеното работно место. Незадоволен од донесената одлука, кандидатот Билјана Пепоска, поднесе жалба до Агенција за администрација. По разгледување на доставената документација, Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен донесе Одлука бр.09-340/6 од 19.05.2026г. со која ја уважи жалбата на именуваната, а одлуката бр.08-1783/1 од 12.02.2026г. ја поништи и предметот го врати на повторно разгледување и одлучување.

По разгледување на насоките дадени во наведената одлука од Агенција за администрација, констатирано е дека во донесениот Буџет за 2026 година не се предвидени финансиски средства за исплата на плати, придонеси и надоместоци на плата за вработување на 1 (еден) извршител на работното

место Советник – Лектор, Одделение за преведување и лекторирање, Сектор за општи работи, со шифра УПР0101В01000, по јавен оглас бр.685/2025.

Советот на Град Скопје на седница одржана на ден 04.02.2026 година, не ја донесе предложената Одлука за утврдување на потреба од обезбедување на финансиски средства за вработување во Град Скопје за 2026 година, со којашто би се реализирало вработувањето на горенаведеното работно место.

Врз основа на наведеното, Секретарот на Град Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Агенцијата за администрација;
- Архивата.

Изготвил: Јулијана Китановска

**Град Скопје**
**Секретар**

**Славче Трпески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT